Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 19/0306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Енис Муртези, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Интернет – порталот „Фокус“, со текстот насловен „Тимоние: Зошто немаме студенти Албанци со ист успех како македонските во Франција?“, не го прекршил Кодексот на новинарите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 декември 2019 година, Енис Муртези поднесе жалба за текстот со наслов „Тимоние: Зошто немаме студенти Албанци со ист успех како македонските во Франција?“, објавен на 17 декември 2019 година, на интернет - порталот „Фокус“ (www.fokus.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и пристрасност во информиањето.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Фокус“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалбата.

Од „Фокус“ појаснуваат дека се работи за наслов на текст кој произлегува од изјавата на францускиот амбасадор Тимоние, по одржано предавање пред студентите на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Медиумот посочува дека е направена техничка грешка, односно во насловот ненамерно е испуштен зборот „да“ и оти насловот требало да гласи „Зошто **да** немаме студенти Албанци со ист успех како македонските во Франција?“.

*„Фокус жали и се извинува за ненамерната техничка грешка. Нашата намера во никој случај не е пристрасно, неточно или нефер да информираме“,* се наведува во одговорот на редакцијата на интернет – порталот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување во Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи текст кој пренесува изјава на францускиот амбасадор во земјава, Кристијан Тимоние, која се однесува на стипендирање студенти за учење француски јазик во неговата земја. Комисијата се согласи дека текстот во целост е

коректен и етички, но дека медиумот очигледно направил ненамерна грешка во насловот, со што содржината добила поинаква конотација. Имено, интернет-порталот „Фокус“, пренесувајќи цитат од изјавата на амбасадорот во рамките на насловот го испуштил зборот **„да“**:

Тимоние: Зошто немаме студенти Албанци со ист успех како македонските во Франција?
Тимоние: Зошто **да** немаме студенти Албанци со ист успех како македонските во Франција?

Комисијата, во ваквиот пропуст, не препозна јасна намера или скриен обид за манипулација, а со тоа не најде доволно елементи за да констатира прекршување на новинарските стандарди. Ова од причина што „Фокус“, во меѓувреме, го коригирал насловот[1], препознавајќи го пропустот, за кој изрази жалење и во одговорот на наводите на жалителот.

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите да бидат особено внимателни при дефинирањето на насловите и тие секогаш да бидат во корелација со содржината и цитатите за да се избегне опасноста од дезинформирање и манипулации.

Во исто време, Комисијата ја цени, и во оваа прилика, ја поздравува подготвеноста на медиумите да направат корекции, кога ќе се утврди пропуст во содржината. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Фокус“ (www.fokus.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

[1] https://fokus.mk/timonie-zoshto-da-nemame-studenti-albantsi-so-ist-uspeh-kako-makedonskite-vo-frantsija/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595